**ПРОГРАМА:**

**J.Haydn -Дивертименто**
-Allegro molto
-Andantino
-Presto

**F.Farkas-Стари Унгарски танци**
-Intrada
-Lapockas tanc
-Ugros

**G.Gershwin-** Суитата "Porgi and Bes"
-Moderato con moto
-Andante poco allargando
-Allegretto,poco menno mosso

**M.Јанковски-Квинтет "Кога бев дете"(мозаик од слики)**
*(премиерна изведба)*

**M.Arnold – Three Shanties**
- Allegro con brio
-Allegretto semplice
-Allegro vivace

**СКОПСКИ ДУВАЧКИ КВИНТЕТ**

Марија Јаќимовска,флејта
Васил Атанасов,обоа
Ристо Ѓоревски,кларинет
Орце Ицковски,фагот
Александар Гошев,хорна

**Скопскиот дувачки квинтет** постои повеќе од четири децении и претставува дел од една традиција на камерна дружба,меѓу плеада Македонски уметници од дувачката фела.Овој камерен состав во текот на своето постоење,изведува дела од Светската ризница како и дела од Македонски автори,некои и специјално напишани за овој ансамбл.Во него доаѓаа и заминуваа големи мајстори на своите инструменти,секогаш со желба и пораки Скопскиот дувачки квинтет да опстане и продолжи.

Остварил голем број настапи во земјава и пошироко,како и бројни тонски и ТВ записи.Заради своите успеси ,овој камерен состав е многупати наградуван со врвни награди како Ноемвриска награда на град Скопје,Награда за успешност од Културно просветна заедница на град Скопје,Октомвриска награда,највисоко државно признание итн.

Скопскиот дувачки квинтет гостува на познати манифестации и фестивали во земјата:Охридско лето,Денови на Македонска музика,Скопско лето, и странство:Словенија,Хрватска,Босна,Бугарија,Австрија,САД,Русија,Израел,Полска,Србија,Црна Гора,Косово и др.

Од 2002 година,Скопскиот дувачки квинтет ја продолжува својата уметничка дејност под Уметничко водство на Проф.М-р Васил Атанасов,со голем ентузијазам,исполнителска енергија и врвен уметнички професионализам.

По концертот во Виена-Австрија,во март 2015 година музичката критика ке напише со наслов: "Скопскиот дувачки квинтет ја освои Виена",цитираме:со грижливо избрана програма, јасно нагласена музикалност и истенчен вкус за обликување и дозирање на колективниот звук во вајање на мелодиските линии,и комплименти за бравурозна изведба,воодушеви Скопскиот дувачки квинтет.

Минатата,2019 година Скопски дувачки квинтет на Охридско лето имаше извонреден настап и ја имаше честа да настапи на затварање на музичкиот дел на фестивалот,изведувајки дела од истакнатите Македонски автори.Во долгогодишната своја дејност Скопскиот дувачки квинтет реализира голем број ТВ и радио записи,како и издание на една ЛП плоча и два компакт диска.За него се напишани голем број дела посветени на истите изведувани во земјата и странство.